**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**Бр.02 - 1192/2**
19.05 **05 . 2008 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 63, 121, 125 и 134 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.35/2008), член 13 до 39 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" бр.62/2005), член 31 од Статутот на Факултетот и согласно Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 29/2002), Наставно-научниот совет на XXXIV-та седница, одржана на 13. 05. 2008 година, **д о н е с е**

# О Д Л У К А

**за избор во наставно-научно звање и засновање на работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје**

**I**

**Д-р ТАТЈАНА МИТКОВА,** се избира во наставно-научно звање - **редовен професор по предметот педологија** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Билтен бр.940, стр.173 од 15. 4. 2008 година, по Конкурсот објавен на 22.3. 2008 година, во весникот "Дневник".

Именованата продолжува со Договорот за вработување и остварува права и обврски од работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна, согласно Законот за високото образование, Законот за работни односи и општите акти на Универзитетот и Факултетот, за времето на кое е избрана.

**II**

Во согласност со оваа одлука, деканот на Факултетот ќе донесе решение за распоредување на работно место и за утврдување на плата и надоместоци од плата, како редовен професор, со примена од **1. 06.2008 година**.

**III**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а да се достави до именованата, сметководството, персоналното досие, архивата и документацијата на Факултетот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволната страна има право на приговор до Наставно-научниот совет, во рок од 8 дена од денот на доставувањето

**Д Е К А Н,**

**Проф.д-р Ордан Чукалиев**

КП/ИМ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Факултет за земјоделски науки и храна СКОПЈЕ